ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

CRISIS MANAGMENT CENTER

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**СЕПТЕМВРИ И ОКТОМВРИ 2017**

## Воена делегација на Националната гарда на Вермонт (САД), предводена од генерал-мајор Стивен Креј во посета на ЦУК







**Во рамките на билатералната соработка со Амбасадата на САД во Република Македонија, на 13.09.2017 година во Центарот за управување со кризи се реализираше работна средба со генерал-мајор Стивен Креј, аѓутант-генерал на Националната гарда на Вермонт, како и со други претставници на сродни институции од Вермонт. На средбата се разгледуваа можностите за идна соработка во областа на справување со кризи помеѓу Центарот за управување со кризи и Националната гарда на Вермонт.**

**Во духот на цврстите и позитивни релации воспоставени помеѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави, Програмата за Партнерство помеѓу Македонија и државата Вермонт е една од најзначајните форми за негување на билатералните контакти и зајакнување на меѓусебната соработка.**

**Од отпочнување на соработката до сега, фокусот беше насочен кон зајакнување на административно / институционалните капацитите на ЦУК, преку организаирање работни средби, работилници, обуки, научни конференции и други форми на соработка, со што се овозможи успешен трансфер на експертски знаења, искуства и научени лекции како и нивно инкорпорирање во работата на ЦУК. Главна цел на состанокот беше размена на искуства и можности за продлабочување на идната соработка, како и претставување на и тековните и стратешки активности на ЦУК.**



## Пожарот кај селата Зајас, Цума и Горно Строгомиште утрово е со намален интензитет

**ЦУК, 01.09.2017 - Пожарот кај селата Зајас, Цума и Горно Строгомиште утрово е со намален интензитет, во моментов не се приметува отворен пламен, но има доста чадење. Во гаснењето на пожарот учествуваат: пожарникари од ТППЕ Кичево, од ШС Лопушник, од ДЗС ПО Кичево и припадници на АРМ од касараната во Кичево.**

## Активен пожарот во атарот на село Драмче



**ЦУК, 12.09.2017 - Пожарот што избувна денес во 12.40 часот во атарот на с.Драмче во Стамболиска маала е сеуште активен и се шири со голема брзина и веќе ги има зафатено и атарите на селата Селник и Киселица, а се движи во правец на село Вратиславца и кон границата со Република Бугарија. Гори борова шума и сува трева. Во гаснењето на пожарот учествуваат ТППЕ од Делчево, ТППЕ – Берово, работници на ШС Голак - Делчево, вработени од ЈПКД Брегалница - Делчево, вработени од општинските основни училишта, а теренски возила дефендер од Регионалниот центар за Гранични работи - Исток, вршат транспорт на ангажираните сили. Ангажирана е и градежна машина булдужер од ЈП МШ Шумско Стопанство - Голак и трактори. Во гасењето на пожарот ангажирани се и полициски службеници од ПС – Делчево, доброволци од градот Делчево и жители од месното население. Во гаснењето исто така интервенираа и два авиона од ДЗС. За утрешниот ден доколку има потреба се планира дополнително ангажирање на еден хеликоптер од АРМ за гаснење на пожарот.**



## Сеуште е активен пожарот во с. Драмче

**ЦУК, 13.09.2017 - Пожарот кој избувна вчера во атарот на село Драмче во Стамболиска маала опш. Делчево е сеуште активен. Зафатени беа и атарите на селата Селник и Киселица. Гори борова шума и сува трева. Во гасењето на пожарот учествуваат Територијалните противпожарни екипи од Делчево, Берово, Кочани и Македонска Каменица, вработени од Шумско Стопанство Голак - Делчево, ЈПКД Брегалница - Делчево, Регионалниот центар за Гранични работи - Исток, РЦУК Делчево, доброволци од градот Делчево и жители од месното население. Во гасењето исто така интервенираа и два авиони од ДЗС. Со гасење на пожарот се продолжи рано утрово, а пожарот е моментално активен во атарите на селата Селник и Драмче, додека запрено е ширењето на пожарот кон границата со Р.Бугарија и кон с.Киселица.**

## Локализиран пожарот во атарот на с.Драмче



**ЦУК, 13.09.2017 - Пожарот во атарот на село Драмче денес во 10.00 часот е ставен под контрола. Опожарена е површина со борова и дабова шума и сува трева. Од пожарот се зафатени и 5 електрични столбови (бандери) и во моментов без напојување со електрична енергија се Стамболиска маала во селото Драмче и Лесовска и Догазанска маала во селото Селник. На пожарот интервенираше и хеликоптер на АРМ со три прелети, а во овој момент ангажираните екипи се сеуште на терен кои вршат континуирана обиколка на теренот за да не дојде до повторно разгорување на пожарот. Во гасењето на пожарот учествуваат Територијалните противпожарни екипи од Делчево, Берово, Кочани и Македонска Каменица, вработени од Шумско Стопанство Голак - Делчево, ЈПКД Брегалница - Делчево, Регионалниот центар за Гранични работи - Исток, РЦУК Делчево, доброволци од градот Делчево и жители од месното население.**



## Пожар во атарот на село Чалакли

**ЦУК, 15.09.2017 - Пожарот кој вчера избувна во атарот на село Чалакли – валандовско, е делумно локализиран. Зафатена е мешана шума, а заради непристапниот терен вчера беше ангажиран и авион од ДЗС. На пожарот интервенираат пожарникари од ТППЕ Валандово, вработени во Шумско Стопанство и жители на с.Чалакли.**




## Сосотојба со пожарите во Македонија

**ЦУК,18.09.2017 - Пожарот во атарот на селата Лознани и Вашарејца е сеуште активен. Гори трева, стрништа и мал дел нискостеблеста ретка шума. Во пожарот кај с. Фурка према Дојран, опожарена е нискостеблеста мешана шума од прнар, смреки и габер на непристапно место. Интервенирале вработени од Ш.С.-Гевгелија. Пожарот е локализиран и е под контрола.**

## Пожарот на Плетвар сè уште активен 18.9.2017



**Пожарот кој вчера избувна под превојот „Плетвар“, во близина на ресторантот „ЧЕ“ и бензиската пумпа „ЧЕ“ е сè уште активен од двете страни од патот Прилеп – Градско. Гори трева и нискостеблеста мешана шума. На терен има екипи од ТППЕ – Прилеп, работници од ЈП Македонски Шуми – Прилеп и од ДЗС Прилеп.**



## Активен пожар во атарот на с. Баштево

**ЦУК, 18.9.2017 - Активен пожар има во атарот на с. Баштево (Крива паланка). Гори сува трева, папрат и нискостеблеста борова шума. Интервенираат пожарникари од ТППЕ - Крива Паланка и вработени од ШС Осогово и ДЗС. Состојбата се следи.**

## Активни пожари на Пелистер и Ници




**ЦУК, 18.09.2017 - Активен пожар има во Националниот парк Пелистер, кај место викано „Изворите“ на река Шемница, над село Маловишта. Гори трева и нискостеблести растенија, но има опасност пожарот да се прошири во букова шума. Известени се ЕЛС Битола, ДЗС Битола, НП Пелистер Битола, ТППЕ Битола, МЗШВ Битола и СВР Битола. На терен се излезени екипи од НП Пелистер, ТППЕ Битола и од ДЗС Битола. Активен пожар има во местото викано „Кравица“ на планината Ници. Гори борова шума во доста непристапен предел. Известени се МШ „Кајмакчалан“- Битола, ЕЛС Новаци, МЗШВ Битола и ДЗС Битола.**

## Пожар на место викано Гарван, општина Пробиштип

**ЦУК, 18.9.2017 - Пожарникари од ТППЕ Пробиштип и вработени во ШС Пробиштип интервенираат на шумски пожар кој се појави на место викано Гарван, опш. Пробиштип. Пожарот избувна околу 18:30 часот и е сè уште активен. Теренот е тешко пристапен.**




**ЦУК, 19.09.2017 - Пожарот под планинскиот превој Плетвар, сеуште е активен на двете страни од патот Прилеп – Градско. Гори сува трева и нискостеблеста мешана шума. Интервенираат пожарникари од Прилеп, вработени од ШС „Црн Бор“ и од ДЗС Прилеп. Активен пожар има кај с. Долгаец и на истиот интервенираат вработени од ШС „Црн Бор“ од Прилеп и лица од Ловечкото друштво „Црнилишта“.**

**Во општина Битола, активен е пожарот во месноста Кравица на планината Ниџе. Гори борова шума во тешко пристапен терен. Известени се ШС „Кајмакчалан“ , опш. Новаци и ДЗС Битола. Пожарот во Националниот парк Пелистер во месноста Извори, на реката Шемница над с. Маловишта е локализиран, зафатена е сува трева и нискостеблести растенија. На пожарот интервенирале вработени од Националниот Парк „Пелистер“, пожарникари од Битола, лица од ДЗС Битола како и 2 воздухоплови од ДЗС.**
**Во опш. Крива Паланка пожарот во атарот на с. Баштево е локализиран. Опожарена е површина со нискостеблеста борова и мешана шума, Интервенирале пожарникари од Крива Паланка и вработени од ШС „Осогово“ и од ДЗС Крива Паланка.Пожарот во атарот на с. Фурка, со правец на ширење кон Дојран сеуште е активен. Со пожарот е зафатена нискостеблеста мешана шума од прнар, смреки и габер на тешкопристапен терен. Интервенираат вработени од ШС „Кожув“ – Гевгелија.**

**ЦУК, 20.9.2017 - Во текот на вчерашниот ден, од страна на граничната полиција, добиено е известување за пожар кој се движи кон територијата на Република Македонија од задграничниот појас од Република Грција, во реонот на Голем Козјак (опш.Мариово), каде има голема борова шума. Последните податоци добиени од граничната полиција укажуваат дека во овој момент пожарот не е префрлен на Македонска територија.**
**Пожарот на превојот Плетвар е се уште активен и се движи према атарот на с.Крстец, каде има квалитетна букова шума. Ангажирани се лица од повеке субјекти, а од ДЗС е побарана подршка од воздух. Пожарот во с.Долгаец опш.Долнени е активен и се движи кон с. Стровија. Ангажирани се лица од ШС - Црн Бор Прилеп.**
**Пожарот во атарот на с. Баштево - опш. Крива Паланка е се уште активен. Гори сува трева. Пожарот се шири кон м.в. Биљино, с. Метежево. Интервенираат пожарникари од Крива Паланка и Ранковце, вработени од ШС Осогово и од ДЗС Крива Паланка. Активен шумски пожар има кај селата Органџали и Бајрамбос. На негово гасење се интервенира од утринските часови.**
**Пожарот кај с. Фурка према Дојран е ставен под контрола. На терен се екипи за контрола на опожареното подрачје.**

**ЦУК, 22.9.2017 - Пожарот во атарот на с. Баштево, општина Крива Паланка е сè уште активен и се движи во правец на селото Габер. Горат исечени гранки од бор и сува трева (пасиште). На терен се екипи од ТППЕ Крива Паланка, ШС Крива Паланка и ДЗС Крива Паланка. Гасењето е отежнато поради лош и непристапен терен.**



## Седница на Регионалниот штаб за управување со кризи - Кичево

**На 27.09.2016 година, се одржа 37 седница на Регионалниот штаб за управување со кризи - Кичево. Покрај членовите на Регионалниот штаб на седницата присуствуваа и претставници од ТППЕ Кичево, МЗШВ ПЕ Кичево и ЈП Комуналец Кичево.**
**Во првиот дел од седницата приоритет се стави на пожарите, при што раководителот на Регионалниот штаб, Сузана Тасевска ги запозна присутните со случените пожари во 2017 година. Направената анализа на пожарите покажа дека е зголемено учеството на месното население во гасењето, а од друга страна обезбеди поуки за институциите кои ќе послужат во иднина.**
**Во вториот дел од седницата се расправаше за превентивно делување, раното предупредување и спречување на појавата на поплави, лизгање на земјиште и поголеми одрони на земја. Раководителот на Регионалниот штаб истакна дека потребно е да се утврди подготвеноста на општината и другите надлежни институции за справување со овој вид на ризик.**
**Како резултат на дискусиите се донесоа заклучоци дека општината Кичево ги има превземено сите потребни мерки за спречување на поплавување, но неопходно е да се следи состојбата со водостојот на реките од сите надлежни институции и навремено да се известува за евентуаланите можности од поплавување.**

**ЦУК, 05.10.2017 - Пожарот во месноста Добра Вода во близина на Ќафа - кичевско е сè уште активен. Гори сува трева и деградирана шума на непристапен терен. На лице место се врши контрола од вработените од ЈП „Лопушник“ – Кичево.**



## Намалување на ризици од природни катастрофи преку размена и споделување знаења

**ЦУК, 20.10.2017 - Со цел превенција на ризиците од природни катастрофи, Центарот за управување со кризи (ЦУК), во периодот од 13-19 октомври, 2017 година, реализира теоретски и практични активности, во ООУ „25 МАЈ“ - Сингелиќ, општина Гази Баба.**

**Теоретско-практичните активности беа изведени во директна соработка со учениците од прво до четврто одделение и персоналот на училилиштето, коишто беа конкретна целна група за обуката.**

**Реализацијата на оваа активност на некој начин претставува продолжение на пилот проектот „С.О.Н.Ц.Е“, кој се спроведе во периодот од 16-19 февруари, 2016 година.**

**Центарот за управување со кризи, во иднина има во план да продолжи со споделување на стекнатите знаења од Јапонија со други училишта со цел остварување на мотото „ СЕКОГАШ ПОДГОТВЕНИ“ за време на итни ситуации! Во знак на почит беа поделени и благодарници за взаемната соработка.**







## Традиционална крводарителна акција во РЦУК Кичево



ЦУК, 10.10.2017 - По повод одбележувањето на 12 години од формирањето на Центарот за управување со кризи во просториите на Регионалниот центар за управување со кризи – Кичево се реализира уште една успешна акција за дарување на крв. Акцијата се спроведе во организација на ПО РЦУК Кичево во соработка со ОО Црвен Крст – Кичево и Институтот за трансфузиона медицина Кичево и беше отворена за сите граѓани кои сакаат да помогнат да се спаси нечиј човечки живот.

Во акцијата за доброволно дарување покрај вработени од РЦУК Кичево, се вклучија и голем број солидарни граѓани.

Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Односи со јавноста и протокол
Адреса: ул. Димче Мирчев бр.9 П.ФАХ 372 1.000 – Скопје
Контакт: тел - 3 249 101 3249 102
Веб: www.cuk.gov.mk
E-mail cuk.mail@cuk.gov.mk